

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***јануари 2022 година***
***ЕУЦ-број 69/2022***

## ФРАНЦУСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

FRANCE22
PRÉSIDENCE FRANÇAISE DU CONSEIL DE L'UNION EUROPÉENNE

Република Франција под мотото „Закрепнување, сила, припадност" го презеде шестмесечното претседателство со Советот на ЕУ, за периодот јануари - јуни 2022. Програмата на Француското претседателство содржи три амбиции:

**Посуверена Европа**: ќе се раализира преку активности за зајакнување на Шенген зоната, заштита на европските граници, контрола на миграцијата и подобрување на политиката на азил согласно европските вредности и меѓународни обврски; преку градење на посилна Европа поспособна за дејствување на полето на безбедноста и одбраната; преку преземање акција за просперитет и стабилност на своите соседи особено преку нејзин ангажман во Западен Балкан и обновените односи со Африка; и со донесување решенија за глобалните предизвици.

**Нов европски модел за раст**: целта е да се направи Европа континент на производство, создавање на нови работни места, иновации и технолошка извонредност; економски развој усогласен со климатските цели; поддршка на иновациите и растот на европските дигитални играчи и да се постават сопствени правила за дигиталниот свет; обезбедување на понуда на високо квалитетни и квалификувани и подобро платени работни места.

**Хумана Европа**: креирање на Унија која ги слуша грижите изразени од граѓаните преку Конференцијата за иднината на Европа; која ќе го брани владеењето на правото и поддржува неговите вредности; ќе се гордее со својата култура, со доверба во науката и знаењето и е посветена на борбата против дискриминацијата и обезбедување иднина за следните генерации.

Приоритетите на Француското претседателство се надоврзуваат на достигнувањата на претходното Словенечкото претседателство со ЕУ и се согласно пошироката програма на актуелната тројка – Франција, Чешка и Шведска. Приоритетите се засноваат и на Работната програма на Европската комисија за 2022 година, развиени во тесна соработка со претседателот на Европскиот совет, Европскиот парламент и Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика.

Претседателството ќе обезбеди континуирани преговори со земјите кандидати за членство во ЕУ, согласно новата методологија одобрена од Советот на 15 март 2020 година. Претседателството ќе ја поддржи работата на ЕУ за Западен Балкан, промовирајќи далекосежни и трансформативни реформи во клучните области: владеење на правото, демократски институции, слобода на медиумите и економските реформи, што ќе го олесни инкорпорирањето на европското законодавство.

На агендата на Француското претседателство со ЕУ, останува Западен Балкан, за што Франција ќе организира тематска конференција во јуни годинава.

Повеќе информации на официјалната веб страница на Француското претседателство со ЕУ 2022:
https://presidence-francaise.consilium.europa.eu/en/

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| Француско претседателство со Советот на Европската унија 2022 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Новата холандска влада положи заклетва | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Состанок на Советот за надворешни работи на ЕУ | 6 |
| Поголем буџет за културата и медиумите во ЕУ | 6 |
| Култура на владеење на правото на Западен Балкан | 7 |
| Нова монета од две евра | 7 |
| Европски буџет за хуманитарна помош во 2022 година | 8 |
| Матарела повторно избран за претседател на Италија | 8 |
| Конференција за иднината на Европа | 9 |
| Најголем раст кај француската економија | 9 |
| Пуштена во употреба најголемата ветерна турбина | 10 |
| Рекордни 5% инфлација во еврозоната | 10 |
| Сончевата енергија - најбрзо растечки извор на енергија | 11 |
| ЕУ календар / февруари 2022 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu



**Пленарна сесија на ЕП одржана на 17-20 јануари 2022 година**

На пленарната сесија, за периодот од втората половина од мандатот на ЕП 2019-2024 со 458 гласа за претседателка беше избрана Роберта Мецола, која е европратеничка од 2013 година. Мецола досега е најмладата избрана претседателка на ЕП. Во ноември 2020 година Мецола стапи на функцијата прв потпретседател и беше вршител на должноста претседател на ЕП откако претседателот Сасоли почина на 11 јануари годинава.

Мецола е трета претседателка на Европскиот парламент, после Симон Веил (1979-1982) и Никол Фонтен (1999-2002). Процесот за избор на претседател на ЕП е утврден во Правилата од 14 до 16 од Деловникот на Парламентот. За време на обраќањето на Мецола пред европратениците беше оддадена почит на Давид Сасоли како претседател. Во говорот Мецола истакна дека секогаш ќе се залага за Европа, за заедничките вредности на демократијата, достоинство, правда, солидарност, еднаквост, владеење на правото и основните права.

Во своето обраќање пред европратениците францускиот претседател Макрон истакна дека Француското претседателство со Советот на ЕУ ќе даде приоритет на законодавни досиеја кои го подобруваат квалитетот на вработувањата, за обезбедување пристојни плати, за намалување на родовиот јаз во платите, за правата на работниците, за борбата против дискриминацијата и за гарантирање родова рамнотежа во одборите на компаниите.

На пленарната сесија во три круга со гласање од далечина беа избрани 14 потпретседатели на ЕП и 5 квестори во два круга на гласање од далечина. Потпретседателите и квесторите заедно со претседателот, го сочинуваат Бирото на ЕП кое ги утврдува правилата за непречено функционирање на ЕП. Меѓу другите должности, го подготвува прелиминарниот нацрт-буџет на ЕП и одлучува за административни, кадровски и организациски прашања.

Европарламентот со 655 гласа го одобри привремениот договор постигнат со Советот минатата година, за зголемување на овластувањата на регулаторот за лекови на ЕУ. Европската агенција за лекови (ЕМА) ќе биде подобро опремена за следење и ублажување на недостигот на медицински производи и медицински помагала кои се сметаат за критични со цел да се одговори на итни случаи во јавното здравје. Агенцијата ќе постави веб-страница со информации за недостигот. Податоците поврзани со клиничките испитувања и информациите за производите за овластени медицински производи ќе бидат достапни понавремено и потранспарентно.

Европскиот парламент гласаше за делумно обновување на составот на Европскиот суд на ревизори, бидејќи мандатот на чешките, латвиските, полските и словенечките членови истекува на 6 мај годинава. Европратениците бараат Советот да не го продолжи мандатот на полскиот член на Европскито суд на ревизори,, Марек Опиола, и 534 европратеници гласаа против неговата кандидатура. Европарламентот веќе ја отфрли номинацијата на Опиола во 2020 година, но тој беше назначен од Советот, кој не е обврзан да ја следи препораката на Парламентот.

Европратениците го утврдија бројот на членови во 20-те комиситети и 3 поткомисии на ЕП, а политичките групи утврдија кој ќе заседава во секоја комисија. Претседавачите и потпретседателите ќе бидат избрани на следните состаноци на комитетите и поткомитетот.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Според преземените активности на ЕП во јуни 2020 година со цел да се истражи наводни прекршувања на правилата за транспорт на животни на ЕУ, покажале дека одредбите во оваа област не секогаш се почитуваат од земјите-членки или не ги земаат целосно предвид различните потреби на животните. Во усвоените препораки со 557 гласа европратенниците ја повикаа Комисијата и членките од ЕУ, да ги засилат напорите за почитување на благосостојбата на животните за време на транспортот, да ги ажурираат правилата на ЕУ и да назначат комесар на ЕУ одговорен за благосостојбабна животните.

На пленарната сесија европратениците договорија нацрт сет мерки за справување со нелегална содржина, со цел да се обезбеди одговорност на платформите за нивните алгоритми и да се подобри умереноста на содржината. Текстот договорен со 530 гласа на европратрениците, ќе послужи како мандат во преговорите со Француското претседателство на Советот на ЕУ, во периодот што следи.

Европратениците усвоија три резолуции за кршење на основните слободи во Хонг Конг, ситуацијата во Казахстан и политичката криза во Судан.

Преживеаната од холокаустот Маргот Фридлендер и претседателите на трите клучни институции на ЕУ, Мецола, Мишел и фон дер Лајен се обратија пред европратениците, по повод специјалната пленарна седница која се одржа на 27 јануари 2022 година, на Меѓународниот ден на сеќавање на холокаустот.



www.europarl.europa.eu

## НОВАТА ХОЛАНДСКА ВЛАДА ПОЛОЖИ ЗАКЛЕТВА



Четвртата влада на холандскиот премиер Марк Руте на 10 јануари годинава положи заклетва, после рекордните 299 дена од последните одржани избори и една година откако претходна администрација на Руте поднесе оставка.

Новата коалиција вети „дарежлива распределба" за одржлива енергија, домување, грижа за деца и образование, но прво ќе треба да се справи со здравствената криза, со оглед на рекордното високо ниво заразени со варијантата Омикрон.

За прв пат во холандската политичка историја четиринаесет од 29-те министри и државни секретари ќе бидат жени.

Иако коалицијата се состои од четири партии, беа потребни речиси 10 месеци за да се обединат по неуспешните избори на 17 март 2020 година, што ја зголеми неподготвеноста на партиите за компромис. Минатиот месец, партиите конечно се договорија за состав на влада.

Марк Руте, кој беше назначен прв пат за премиер во 2010 година, и унгарскиот премиер Виктор Орбан се лидери на владите кои имаат најдолг стаж во Европската унија.

https://www.euronews.com

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 11 јануари 2022 година оствари средба со Илир Мета, претседател на Република Албанија. На средбата беа истакнати високото ниво на билатерални односи меѓу двете држави и заемниот интерес за нивно унапредување. Двајцата соговорници укажаа на потребата од поголема меѓусебна соработка и поддршка во надминување на претстојната енергетската и економската криза.

www.sobranie.mk

На 18 јануари 2022 година Џафери оствари средба со Кирил Петков, премиер на Република Бугарија. На средбата Џафери истакна дека Договорот за пријателство, добрасоседство и соработка меѓу двете земји од 2017 година претставува добра основа за унапредување на соработката меѓу двете земји. Двајцата соговорници ја истакнаа потребата од продлабочување на меѓусебната соработка и поддршка, со цел унапредување на регионот и подобрување на животниот стандард на граѓаните.





На 18 јануари 2022 година претседателот Џафери, оствари средба со Каират Абдракхманов, висок комесар за национални малцинства на ОБСЕ. На средбата Џафери го информираше гостинот дека Република Северна Македонија, како следен претседавач со ОБСЕ во 2023 година, има визија да промовира приоритети од заеднички интерес на сите земји членки на ОБСЕ и да ги вгради главните принципи и заложби на ОБСЕ, вклучително и принципите за унапредување на човековите и малцинските права.

Од 24 до 28 јануари годинава се одржа зимската сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, во Стразбур со физичко присуство и преку интернет. На сесијата преку интернет учествуваше и Собраниска делегација во состав Дарко Каевски, шеф на делегацијата; Александар Николоски и Арта Зендели, членови и Фаница Николоска, заменик шеф на делегацијта. На состанокот беа избрани претседател и потпретседатели на ПССЕ. За потпретседател на ПССЕ од мандатот кој следува на Собранието е избран Дарко Каевски, шеф на Делегацијата.



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk



Националниот совет за евроинтеграции ја одржа Шестата седница на 13 јануари 2022 год. на која Францускиот амбасадор, Н.Е. Сирил Бомгартнер ја презентираше Програмата и приоритетите на Француското претседателството со Советот на ЕУ за периодот јануари - јуни 2022 година. На седницата беа поканети и присуствуваа Н.Е. Дејвид Гир, амбасадор и шеф на Делегацијата на ЕУ и Н.Е. Милан Предан, амбасадор на Република Словенија. Учесниците во дебатата се осврнаа на состојбите во државата и особено предизвиците во евроинтегративниот пат, очекувањата за надминување на спорот со Република Бугарија, за владеењето на правото, за борбата против корупцијата, справувањето со здравствената, економската и енергетската криза. Беа дискутирани прашања за потребата за заедничка соработка во процесот на евроинтеграција, парламентарната дипломатија, продуктивна комуникација со граѓаните како и за потребата за справување со транснационалните предизвици како тероризмот, миграцијата и климатските промени.

Националниот совет за евроинтеграции на 04 јануари годинава ја одржа Петтата седница на која присуствуваа членовите од редот на пратениците, при што беше остварена координација за активностите на НСЕИ во текот на јануари годинава и со консензус беа усвени заклучоци за следните активности на Советот.

Претседателот на Комисијата за европски прашања на Собранието, Арбер Адеми на 14 јануари годинава учествуваше на виртуелна Конференција на комисиите за европски прашања на земјите ЕУ членки-КОСАК, што се одржа во Франција, во рамки на Француското претседателство со ЕУ. Во своето излагање во рамките на Првиот панел посветен на „Приоритетите на Француското претседавање со Унијата во периодот јануари–јуни 2022 година“ Адеми истакна дека Северна Македонија е посветена на изнаоѓање прифатливи решенија за надминување на спорот со Бугарија и реализација на реформите со кои се обезбедува еднаквост и подобар живот на граѓаните, а истовремено значат и приближување до ЕУ.





На 25 јануари 2022 година претседателот на НСЕИ Александар Николоски оствари средба со претставници на Мрежата Млади европски амбасадори, на која присуствуваше и Бојан Стојановски, пратеник во Собранието. Претставниците на мрежата Млади европски амбасадори на средбата ги адресираа проектите за младите на локално ниво, проектите за поврзување на младите од Западен Балкан, регионалната соработка, како и реализацијата на програмите за млади по примерот на Еразмус+.

## СОСТАНОК НА СОВЕТОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА ЕУ




На 13 и 14 јануари 2022 година, министрите за надворешни работи на ЕУ одржаа состанок во рамки на Францускoто претседателство со Советот на ЕУ, во Atelier des Capucins, во Брест Франција. На состанокот беа разменети мислења за безбедноста во источното соседство на ЕУ, за ситуацијата во Казахстан и Белорусија. Европската унија особено ја повтори потребата да се води политика заснована на два правци на дејствување. На агендата беше усвојувањето на силна одбранбена позиција во однос на секое оспорување на фундаменталните принципи за европската безбедност, особено принципите на територијален интегритет и суверенитет, како и правото на државите сами да избираат свои безбедносни аранжмани и сојузи. Министрите целосно ги поддржаа тековните дипломатски напори, особено форматот „Нормандија“ спроведен од Франција и Германија за целосно спроведување на договорите од Минск. Министрите разговараа и за „Стратешкиот компас“, кој претставува еден од главните приоритети на француското претседателство. Овој документ, вистинска европска бела книга за одбрана, служи да обезбеди рамка за заедничка анализа на глобалните пресврти и закани со кои се соочува ЕУ. Во врска со односите со Кина, министрите ја истакнаа важноста и потребата од средства за борба против сите форми на економски притисок за заштита на суверените интереси. Министрите разговараа за потребата да се зајакне стратегијата на ЕУ за влијание во меѓународните организации за да може да преовлада европската заедничка визија, заснована на почитување на човековите права и промовирање на ефективен и отворен мултилатерализам. Дискусиите ја опфатија важноста од обнова на евро-африканското партнерство, кое ќе биде во сржта на Самитот ЕУ-АУ во Брисел на 17 и 18 февруари, за да се овозможи взаемно зајакнување на европскиот и африканскиот суверенитет.

## ПОГОЛЕМ БУЏЕТ ЗА КУЛТУРАТА И МЕДИУМИТЕ ВО ЕУ




Еврпската комисија на 13 јануари годинава усвои работна програма на Креативна Европа за 2022 година. Буџетот на Креативна Европа ќе биде зголемен за сто милиони евра во споредба со претходната година.
Со 385 милиони евра буџетот за културната програма на Креативна Европа има за цел да ја зајакне поддршката за културниот сектор и како помош да се справи со последиците од Ковид 19 кризата.
Културниот дел на програмата ќе вклучува нови повици и иницијативи за секторите музика, културно наследство, изведувачки уметности и литература. Делот МЕДИА се фокусира на аудио-визуелни и неколку новини кои се воведуваа годинава. Ќе се финансира поддршка за развој на иновативни видео игри и искуства за виртуелна реалност. Меѓусекторското поврзување ќе го зголеми финансирањето на Лабораторијата за креативни иновации за заеднички иновациски проекти кои вклучуваат неколку креативни сектори, придонесувајќи и за Новиот европски Баухаус.
„Културниот и креативниот сектор се душата на европското општество. Знаеме колку беа отпорни во последните две години. Во 2022 програмата Креативна Европа ќе го има најголемиот буџет до сега“, изјави Марија Габриел, еврокомесарка за култура.
„Со програмата Креативна Европа ќе мобилизираме 226 милиони евра за аудиовизуелниот сектор и 35 милиони евра за меѓусекторска соработка вклучително и новинските медиуми“, изјави еврокомесарот за внатрешен пазар, Тиери Бретон. Европската Унија сака да инвестира во дигитални технологии, ТВ серии и виртуелна реалност додаде тој. Зголемениот буџет има за цел и да ја заштити слободата на медиумите и да се финансираат новинарски партнерства.

https://ec.europa.eu

## КУЛТУРА НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО НА ЗАПАДЕН БАЛКАН



Европската комисија на 10 јануари 2022 година ги прифати наодите на ревизорите од извештајот на Европскиот ревизорски суд кој утврдил дека политичката и финансиската помош во областа на владеењето на правото на Западен Балкан меѓу 2014 и 2020 не дала убедливи резултати и реформски напредок во регионот.
За Брисел е важно што извештајот го нагласува недостатокот на домашна политичка волја го ограничува напредокот во областа на владеењето на правото.
Ревизорите во нивниот извештај сметаат дека и самата Европска комисија треба да воведе поефикасни механизми и да ги користи можностите за суспендирање на фондовите на ЕУ, во случај на непочитување на темелните начела на ЕУ.
Европската комисија истакнува дека владеењето на правото е основа на процесот на пристапување во ЕУ и ќе ја одреди динамиката на напредокот на земјите од регионот на нивниот пат кон ЕУ.
Комисијата го зајакна фокусот врз Основите – што покрива владеење на правото, темелни права, демократски институции, реформа на јавната администрација и економско владеење – во рамките на засилената Методологија за пристапување.
Брисел признава дека е потребен дополнителен напредок, иако смета дека веќе одреден прогрес е реализиран. Европската комисија ќе продолжи да ги поддржува властите и сите релевантни чинители во регионот и ќе продолжи да го набљудува напредокот преку редовните извештаи за напредокот во реформите и со извештаи за владеењето на правото со специфични препораки.
Иако е забележан важен напредок посебно во некои од земјите на Западен Балкан, сепак остануваат предизвиците за владеењето на правото и потребни се дополнителни напори во оваа област која е темелна во политиката на проширување на ЕУ за да се создаде вистинска култура на владеење на правото како и посилна политичка посветеност за напредок во клучните реформи.

https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/news

## НОВА МОНЕТА ОД ДВЕ ЕВРА




По повод 20-годишнината од еврото и почетокот на Францускoто претседателство со Советот на ЕУ, беше пуштена о оптек нова монета од две евра.
Монетата отсликува даб и маслиново дрво, што претставуваат сила, мудрост и природа, се наведува во соопштението и се додава дека двете стебла се врамени со шестоаголник, симбол на Франција и опкружени со 12 ѕвезди од европското знаме.
„Оваа година се одбележува 20-годишнината од еврото. Французите, како и Европејците, се многу приврзани кон него, повеќе од кога било. Европејците ја поддржуваат единствената валута, ја прават елемент на стабилност, заштита и привлечност на економиите кои не штитеа за време на кризата", изјави неодамна францускиот државен секретар за европски прашања Клемент Бон.
Околу 30 милиони нови монети од две евра беа пуштени во оптек на 1 јануари годинава, кога Франција го презеде шестмесечното претседавање со ЕУ.

https://presidence-francaise.consilium.europa.eu

## ЕВРОПСКИ БУЏЕТ ЗА ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ВО 2022




Европската комисија усвои годишен буџет за хуманитарна помош кој изнесува 1,5 милијарди евра, од кои 152 милиони ќе бидат наменети за Западен Балкан, Украина, Кавказ и Турција. Европската комисија смета дека со ваков буџет,Европа ќе биде водечка сила во оваа област во време кога хуманитарните кризи се зголемуваат како поради природни така и поради човечки фактори.

Хуманитарните потреби се на највисоко ниво и ќе продолжат да растат, што се должи на конфликти но сè повеќе и на глобални предизвици како климатските промени и Ковид-19. “Нашиот хуманитарен фонд ќе овозможи ЕУ да го направи своето и да продолжи да спасува животи и да ги покрива основните потреби на засегнатите”, изјави Јанез Ленарчиќ, еврокомесар за хуманитарна помош. Проценките се дека со овој буџет Европската комисија ќе биде во можност да одговори на акутните кризи како и на долготрајните од типот на Јужен Судан, Колумбија и Рохингите во Мјанмар.

Буџетот за 2022 е поделен на повеќе географски области. Балканот заедно со Кавказот, Украина и бегалците во Турција ќе добијат 152 милиони евра за разни проекти.

Најголем дел од буџетот се алоцира за супсахарска Африка со 469 милиони евра, и 352 милион евра за Блискиот Исток и Северна Африка. Азија и Јужна Америка ќе добијат околу 188 милиони евра.

Европската комисија ќе резервира 370 милиони евра за непредвидливи кризи и катастрофи.

https://ec.europa.eu/

## МАТАРЕЛА ПОВТОРНО ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ИТАЛИЈА



Претседателот Серџо Матарела на 29 јануари годинава по втор пат беше избран на фукцијата претседател на Италија. Во осмиот круг на гласање меѓу повеќе од 1.000 пратеници и регионални делегати во Претставничкиот дом на Италија, Матарела освоил 505 гласови потребни за избор.

Гласањето следеше откако партиските лидери побараа од Матарела да остане на функцијата, бидејќи по неколкудневно неуспешно гласање во Парламентот, Италија не можеше да добие нов претседател.

Серџо Матарела претходно ја отфрли можноста да остане на функцијата, но поради можноста да се загрози политичката стабилност на земјата, се предомислил по апелот на парламентарните лидери.

Во политичкиот систем на Италија, претседателот на државата е моќна фигура која може да назначува премиери и честопати се повикува да решава политички кризи. Владите во третата најголема економија во еврозоната, „преживуваат“ во просек околу една година.

https://www.reuters.com

## КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ИДНИНАТА НА ЕВРОПА

На третата сесија од Конференцијата за иднината на Европа одржана на 21 и 22 јануари годинава се разгледале 90-те препораки произлезени од одржаните панели за „Европска демократија/ Вредности и права, владеење на правото, безбедност“ и „Климатски промени, животна средина/здравје“, како и препораките поврзани со националните граѓански панели.

Панелот за „Европска демократија и Вредности и права, владеење на правото, безбедност“ усвоил 39 препораки на последната сесија организирана од Европскиот универзитетски институт во Фиренца, Италија, во декември 2021.

Панелот за „Климатски промени, животна средина и здравје“ беше домаќин на Колеџот на Европа во Натолин и градот Варшава, Полска, во јануари, каде што се финализирале 51 препораки.

Два европски граѓански панели кои сѐ уште не доставиле свои препораки, треба тоа да го направат во февруари годинава.

Домаќин на состанокот на панелот посветен на „ЕУ во светот и миграцијата“ кој се очекува да се одржи од 11 до 13 февруари годинава, ќе биде Европскиот институт за јавна администрација во Мастрихт, Холандија.

Панелот на тема „Посилна економија, социјална правда и работни места / Образование, култура, млади и спорт/Дигитална трансформација“, се очекува да се одржи од 25 до 27 февруари, а ќе биде домаќин Институтот за меѓународни и европски прашања во Даблин, Ирска.




Препораките од панелите дополнително ќе се доставаат, и ќе се дебатираат на следната сесија на Конференцијата за иднината на Европа

Повеќе информации за составот, целта и работата на веб-страницата на Конференцијата.

https://futureu.europa.eu

## НАЈГОЛЕМ РАСТ КАЈ ФРАНЦУСКАТА ЕКОНОМИЈА



Франција бележи позитивни економски резултати, економијата закрепнува од кризата со најбрз раст во последните 5 децении, се зголемила со најбрзо темпо од 1969 година.

Според статистичкиот институт Insee, со 7% растот во 2021 година ги надминал прогнозите и на економистите и официјалните тела.

После падот од 7,9% во 2020 година, француското производство во текот на целата година останало под нивото од 2019 година – последната година пред кризата со коронавирусот. Но, БДП го надминал последниот квартал од 2019 година, во октомври-декември 2021 година, наведедува институтот Insee.

Париз во 2021 год. потрошил околу 60 милијарди евра за да го поддржи враќањето на економијата, придвижувајќи го државниот долг на околу 113% од годишното производство, двојно повеќе од официјалните гранични линии на ЕУ.

И покрај тоа што првата половина од годината е обележана со продолжување на ограничувањата на коронавирусот, растот на Франција во 2021 година веројатно ја прави една од најсилните меѓу 19-те нации кои ја користат единствената европска валута, далеку над 2,7% резервирани во Германија.

https://www.reuters.com

## ПУШТЕНА ВО УПОТРЕБА НАЈГОЛЕМАТА ВЕТЕРНА ТУРБИНА




Во Данска беше приклучена на мрежата најголемата ветерна турбина во светот, која според најавите со електрична енергија ќе може да снабдува повеќе од 18.000 домаќинства.

Ветерната турбина е висока 271 метар и е меѓу највисоките самостојни градби во Данска, а се наоѓа во рамки на националниот истражувачки центар во Остерлид.

Ветерната турбина во функција ја стави германскиот производител на струја од енергијата на ветрот „Siemens Gamesa“. Водачот на проект во компанијата, Јенс Модруп изјавил дека на тимот од стотина лица му биле потребни неколку години за да ја изгради турбината.

Компанијата наведува дека турбината со три ротации при слаба брзина на ветрот може да наполни еден електричен автомобил „Model 3“ на американскиот производител „Tesla“. При најголема брзина на ротацијата, турбината би можела да произведува до 14 мегавати и со струја да снабдува околу 18.000 домаќинства во ЕУ.

Команијата „Siemens Gamesa“ веќе неколку години е лидер на светскиот пазар на ветерни турбини, со учество од околу 60% на пазарот. Меѓутоа, конкурентската компанија „Vestas“, најави изградба на уште поголема турбина за следната година.

https://www.evwind.es

## РЕКОРДНИ 5% ИНФЛАЦИЈА ВО ЕВРОЗОНАТА




Годишната стапка на инфлација во еврозоната во декември 2021 година се искачила на 5%, што е ново највисоко ниво откако Евростат започна да ги следи податоците.

Цените на енергијата повторно се зголемиле, покажаа најновите проценки објавени на 07 јануари 2022 година. Годишната стапка на инфлација во еврозоната, мерена со хармонизиран индекс на потрошувачките цени (ХИЦП), пораснала во декември 2021 година за 0,1% во однос на претходниот месец, достигнувајќи 5%, објави Европскиот завод за статистика.

Во декември 2020 година, првата година од пандемијата, потрошувачките цени во земјите што ја користат заедничката европска валута, биле за 0,3% пониски отколку во истиот месец од пред пандемијата во 2019 година.

Најмногу поскапеле енергенсите на крајот на 2021 година, за 26% во споредба со истиот месец претходната година. Во ноември истите се зголемиле за 27,5%.

Без цените на енергијата, годишната инфлација во еврозоната во декември изнесувала 2,8%, што е за 0,3% повеќе од ноември. Во декември 2021 година значително пораснала и цената на свежата храна, за 4,6% во однос на истиот месец претходната година, по порастот од 1,9% во ноември.

Меѓу земјите од еврозоната, цените најмногу пораснале на кај Балтичките земји во декември, за 12% во Естонија, 10,7% во Литванија и 7,7% во Латвија, според проценките на Евростат.

Цените пораснале во Шпанија со 6,7% и Белгија и Холандија со 6,5%, односно 6,4%.

Најголемата германска економија забележала годишна стапка на инфлација од 5,7% во декември 2021 година.

https://ec.europa.eu/eurostat

## СОНЧЕВАТА ЕНЕРГИЈА - НАЈБРЗО РАСТЕЧКИ ИЗВОР НА ЕНЕРГИЈА

Обновливите извори на енергија учествувале со 37% од бруто-потрошувачката на електрична енергија во ЕУ во 2020 година, во споредба со 34% во 2019 година, според објавените податоци на Евростат. Енергијата од ветерот и хидроенергијата заедно сочинуваат повеќе од 2/3 од вкупната електрична енергија произведена од обновливите извори, 36% и 33%, соодветно. Преостанатата третина од електричната енергија доаѓа од соларната енергија (14%), цврсти биогорива (8%) и други обновливи извори (8%).

Во анализата на Евростат се наведува дека сончевата енергија е најбрзо растечки извор бидејќи во 2008 година учествувала само 1% од вкупната потрошена електрична енергија во ЕУ, за да во 2020 година се зголемила на 14%.

Меѓу земјите-членки на ЕУ, најголема потрошувачка на енергија од обновливи извори има Австрија (78%) и Шведска (75%), потоа Данска (65%) и Португалија (58%). Најмал удел на електрична енергија од обновливи извори има Малта со 10%, додека Унгарија и Кипар по 12%, Луксембург 14% и Чешка 15%.

https://ec.europa.eu/eurostat/




ec.europa.eu/eurostat

*ЕУ КАЛЕНДАР / февруари 2022*

1. *Хоризонт Европа инфо ден, 03/02/2022, преку интернет;*
2. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 14-17/02/2022, Стразбург;*
3. *Состанок на Советот за надворешни работи, 21/02/2022, Брисел;*
4. *Состанок на Советот за општи работи, 22/02/2022, Брисел.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




